# Заштита на правата од индустриска сопственост, како државата се справува со заштитата на правото од индустриска сопственост

Постапка на Министерството за внатрешни работи

# Министерство за внатрешни работи

- Со донесување на Законот за заштита на авторски права, сите надлежностите кои ги имаа инспекторите од Министерство за култура преминаа во надлежност на Министерството за внатрешни работи
- Согласно законските норми инспекторите од МВР работат по Кривичниот законик  во делот на заштитата  на индустриската сопственост и авторските права во целост.



# Надлежности

**Согласно Кривчниот законик во делот на авторските права:**

Во членот 157 став (1) зборовите: „со парична казна или" се бришат,
а зборовите: „до една година" се заменуваат со зборовите: „од шест
месеци до три години".
По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Тој што делото од став 1 го стори преку компјутерски систем, ќе се казни со затвор
од шест месеци до три години. "
Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „од три месеци до три
години" се заменуваат со зборовите: „од шест месеци до пет години".
Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите:„шест месеци" се заменуваат со зборот „една".
Ставовите (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (5), (6), (7) и (8).

# Надлежности

**Член 157-а**

**(1) Тој што без одобрение од овластениот дистрибутер на технички посебно заштитен сателитски сигнал произведува, увезува, дис изнајмува или на друг начин става на располагање на јавнос дава услуги на поставување на материјален или нематерија систем заради пробивање на таков сигнал, ќе се казни со за од шест месеци до три години.**

**(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна предизвикана значителна штета, ќе се казни со затвор од една години.**

**(3) Тој што прима технички посебно заштитен сателитски сигнал чија заштита е пробиена без одобрување на неговиот овластен дистрибутер или врши натамошна дистрибуција на таквиот сигнал, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.**

**(4) Ако со делото од став 3 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.**

**(5) Ако делото од ставовите 1 и 3 го стори правно лице, ќе се казни со**

# Надлежности

Пиратеро дело
Член 157-б
(1) Тој што без одобрение филмскиот продуцент или овластениот дистрибутер на кој филмскиот продуцент му го пренел своето право на аудиовизуелното дело произведува, увезува, репродуцира, дистрибуира,
ускладиштува, изнајмува, пушта во промет или на друг начин става на располагање на јавноста, или презема други дејствија заради дистрибуција, изнајмување, јавно прикажување, пуштање во промет, ставање на располагање на јавноста или на друг начин противправно го
користи аудиовизуелното дело, односно видеограмот или неговите неовластено умножени примероци, ќе се казни со затвор од шест месеци
до три години.
(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета, ќе се казни со затвор од една до
пет години.
(3) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(4) Предметите кои биле наменети или користени за сторување на делото или кои настанале со сторувањето на делото се одземаат.



# Надлежности

Пиратерија на фонограм

Член 157-в

(1) Тој што без одобрение од производителот на фонограм или здружението за колективно остварување на правата на производителите на фонограми произведува, репродуцира, дистрибуира, ускладиштува, изнајмува, пушта во промет или на друг начин става на располагање на јавноста, или презема други дејствија заради дистрибуција, изнајмување, пуштање во промет, ставање на располагање на јавноста или на друг начин противправно го користи фонограмот или неговите неовластен умножени примероци, ќе се казни со затвор од шест месеци до три



(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист или предизвикана значителна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Предметите кои биле наменети или користени за сторување на делото или кои настанале со сторувањето на делото се одземаат

# Надлежности

## Во делот на заштитата на правото од индустриска сопственост:

**„Повреда на права од индустриска сопственост**

**и неовластена употреба на туѓа фирма**

**Член 285**



1) Тој што спротивно на прописите за индустриска соп со намера да

измами купувачи или корисници на услуги ќе повре заштитена трговска

марка, туѓ заштитен индустриски дизајн, туѓа заш потеклото на

производот и географска ознака, ќе се казни со казна најмалку три

години.

2) Со казната од ставот 1 на овој член ќе се казни тој што со намера да измами

# Надлежности



**„Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок**
**и топографија на интегрални кола**
**Член 286**

1) Тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе поднесе пријава на патент или во пријавата нема да го наведе или лажно ќе го наведе пронаоѓачот или ќе ја направи достапна на јавноста суштината на пронајдокот пред тој да биде објавен на начин утврден со закон, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
2) Со казната од ставот 1 на овој член ќе се казни и тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба, складишти или користи производ или постапка која е предмет на заштита со патент или неовластено ќе употреби, репродуцира, увезе, извезе или дистрибуира заштитена топографија на интегрално коло или софтвер.
3) Тој што со делото од ставовите 1 и 2 на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години и парична казна.
4) Ако делото од ставовите 1 и 2 на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор од најмалку три години.
5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
6) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.“

# Организација

- Борбата против организираниот криминал со правото од индустриска сопственост во Министерството за внатрешни работи ја водат инспекторите по економски криминал,

- Во подрачните Сектори за внатрешни работи

- На централно ниво во Одделот за организиран криминал



# Состав

-Сектор за внатрешни работи Скопје

- Сектор за внатрешни работи Тетово

- Сектор за внатрешни работи Охрид

- Сектор за внатрешни работи Битола

- Сектор за внатрешни работи Штип

- Сектор за внатрешни работи Струмица

- Сектор за внатрешни работи Велес

- Сектор за внатрешни работи Куманово

# Организациона поставеност на инспекторите по економски криминал во МВР






# Организација

- Во составот на Министерството за внатрешни работи има 8 Сектори за внатрешни работи и во секој Сектор, со исклучок на СВР-Скопје, има посебни отсеци за криминалистички работи во рамките на секој град кој гравитира во делот на функционирање на Секторот.

# Постапка

- По приемот на пријава за индиции за сторено кривично дело во делот на злоупотреба на правото од индустриска сопственост, отпочнува постапка за откривање и документирање на можните сторители на кривино дело,
- Прво се известува јавниот обвинител за отпочнувањето на постапката и се постапува по насоките кои ќе ги даде,
- Доколку се пронајде злоупотреба на правото од интелектуална сопственост , тоа се документи во вид на докази и се подготвува кривична пријава,
- Се врши и криминалистичко техничко испитување



# Закони по кои работат инспекторите за економски криминал во Министерството за внатрешни работи

- Кривичен законик

- Закон за кривична постапка



# Постапка

- Доколку се јави за потребно пред да се поднесе пријавата се соработува со Државниот пазарен инспектрат или со Царинската управа,

- За обезбедување  докази за злоупотреба на туѓ знак се контактира Државниот завод за индустриска сопственост.

# Постапка

- По поднесување на пријавата, истата се евидентира во крим евиденциите на Министерството за внатрени работи преку Одделот за аналитика
- Еднаш во рамките на 6 месеци се известува Министерството за правда за бројот на поднесени пријави во делот на заштитата на интелектуалната сопственост од страна на МВР, за евиденција во Методологијата за прибирање [illegible]атистички податоци од Влада на Репбулика [illegible]донија

# Постапка

- За оформување на кривичната пријава соработување со носителите на правото на сопственост
- Собираме информации и обезбедуваме докази преку нив








GUCCI
GUCCI
GUCCI

# ФАЛСИФИКУВАНИ ЛЕКОВИ

- **Пример на фалсификуван лек (Clopidogrel)**
  - ✓ Воопшто не ги содржи потребните својства на лекот
  - ✓ Преставува опасност по јавното здравје






# ФАЛСИФИКУВАНИ ЛЕКОВИ

- **Пример на фалсификуван антибиотик**
- (не ги содржи точните активни состојки на лекот



# Постапка

- Злоупотреба на знак





# Злоупотреба на знак

Постапка






# Злопотреба на знак

Постапка




ПОЛИЦИЈА
SPORT

# Злопотреба на знак

- Постапка







# Тренинзи

Обуки



# Министерство за внатрешни работи

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО

НИКОЛЧЕ ПЕТКОВСКИ

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР ЗА ПРЕКРШОЦИ СКОПЈЕ

Контакт: nikolce_petkovski@moi.gov.mk